# Федерација за Боречки Спортови на Македонија

# Правилник за работа на тренери, делегати , судии и стручни работници ФБСМ - 2018

Изработен од :

МБА Илчо Марковски Претседател на Стручно –тренерска комисија
во Федерација за Боречки Спортови на Македонија

Јануари 2018

Врз основа на Статутот на Федерацијата за Боречки Спортови на Македонија, Законот за спорт , Законот за Здруженија и фондации управниот одбор на Федерацијатаза Боречки Спортови на Македонија по предлог на МБА Илчо Марковски Претседател на стручно-тренерска комисија во Федерацијата за Боречки Спортови на Македонија донесе:

ФЕДЕРАЦИЈА НА БОРЕЧКИ СПОРТОВИ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0201
20.01.2018 год
СКОПЈЕ

# Правилник за работа на тренери, делегати , судии и стручни работници

## I.Општи одредби

### Член 1.

Со овој правилник се уредува начинот на работа на тренери, делегати , судии и стручни работници, начинот на избори категоризација тренери, судии , делегати,табелари, борачи и стручни работници и нивна категоризација.

## II. Делокруг

### Член . 2

Во функционирањето и работа на ФБСМ партиципираат тренери, судии, делегати, табелари, борачи и стручни работници кои се организирани во Стручно – Тренерска комисија, Судиска комисија, Натпреварувачка Комисија, Дисциплинска Комисија и други комисии кои се потребни за оптимално функционирање на ФБСМ.

### Член . 3

Во ФБСМ партиципираат следните категории на стручни спортски работници:

- **Тренер 1 категорија** тој што има образование Факултет за Физичка култура , активно работи во клуб за борење минимум 4 години, има посетувано семинар организиран од ФБСМ минимум 4
- **Тренер 2 категорија** тој што има образование прв циклус студии активно работи во клуб за борење минимум 4 години, има посетувано семинар организиран од ФБСМ минимум 4
- **Тренер 3 категорија** тој што активно работи во клуб за борење минимум 4 години, има посетувано семинар организиран од ФБСМ минимум 1

Секој национален судија што сака да добие интернационална лиценца задолжително потребно е да има завршено мимимум прв циклус студии, познавање на Англиски, Француски и Руски јазик комуникациско ниво .

- **Судија 1 интернационална категорија** тој што има положено интернационален испит во организација на Светската Федерација за Борење тип 3
- **Судија 1 интернационална категорија** тој што има положено интернационален испит во организација на Светската Федерација за Борење тип 2
- **Судија 1 интернационална категорија** тој што има положено интернационален испит во организација на Светската Федерација за Борење тип 1
- **Судија национална 1 категорија** тој што има положено национален испит во организација на Македонската Федерација за Борење
- **Судија национална 2 категорија** тој што е кандидат за полагање национален испит во организација на Македонската Федерација за Борење

- **Делегат** тој што има долгогодишно искуство во спортското работење во борењето и лиценца за делегат издадена од ФБСМ.
- **Табелар** тој што има долгогодишно искуство во спортското работење во борењето и лиценца за табелар издадена од ФБСМ.

## Член . 4

Лиценците за тренери, судии, делегати табелари и други стручни спортски соработници се обновуваат годишно со организирање семинар, обука и полагање од страна на ФБСМ.

# III. Преодни завршни одредби

## Член . 5

Спотрските работници на сите нивоа се лично одговорни за своите активности, превиди и пропусти, и должни се да го почитуваат и унапредуваат степенот на спортската култура.

## Член . 6

Образецот на лиценцата за судии, делегати , тренери и други спортски стручни соработници го донесува управниот одбор на ФБСМ .

## Член . 7

Координатор - селектор за Слободен стил, Женско Борење назначува управен одбор на ФБСМ по предлог на Претседател на Стручно – тренерска комисија.

## Член . 8

Овој правилник стапува на важност веднаш по донесувањето од страна на управниот одбор на ФБСМ .